Бидејќи грипот се пренесува од човек на човек, мајката или другите лица од околината на бебето кои се грижат за него, можно е да се разболат од грип и потоа да ја пренесат инфекцијата на бебето. Затоа, од голема важност е секој што живее и се грижи за бебето да се вакцинира против грип, вклучително и други членови на домаќинството.

## ДА НАПРАВИМЕ ДА БИДЕ ПОДОБРО!

ИДНИ МАЈКИ,
ВАКЦИНИРАЈТЕ СЕ НАВРЕМЕ БИДЕЈЌИ ГРИПОТ Е СЕРИОЗНА БОЛЕСТ КОЈА МОЖЕ ДА БИДЕ ЗАКАНА ЗА ВАШЕТО И ЗДРАВЈЕТО НА ВАШИТЕ ДЕЦА!



## ВАЖНО!

**ВАКЦИНАЦИЈАТА ЗА БРЕМЕНИТЕ ЖЕНИ Е БЕСПЛАТНА.**

### ЗАКАЖЕТЕ ВАКЦИНАЦИЈА ПРЕКУ ВЕБ ПЛАТФОРМА!

Закажувањето за бесплатните вакцини се одвива преку интернет страницата www.vakcinacija.mk

Со пополнување на формата, се регистрирате за вакцинација, директно во системот Мој Термин. По пат на СМС порака, ќе добиете информација за точниот датум и час за вакцининација на пунктот кој ќе го изберете при регистрацијата.

Дополнително, комерцијална вакцина против сезонски грип може да добиете во најблискиот Центар за јавно здравје без претходно закажување.


Република Северна Македонија
Министерство за здравство
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Shëndetësisë
PIVI
TASK FORCE FOR GLOBAL HEALTH
Partnership for International Vaccine Initiatives


Бремени сте?

# ВИ ТРЕБА ВАКЦИНА ПРОТИВ ГРИП!

## СЕКОЈА БРЕМЕНА ЖЕНА ТРЕБА ДА СЕ ВАКЦИНИРА ЗА ДА СЕ ЗАШТИТИ СЕБЕСИ И СВОЕТО ДЕТЕ!

ГРИПОТ МОЖЕ ДА БИДЕ СЕРИОЗНА БОЛЕСТ И ДА ПРЕДИЗВИКА СЕРИОЗНИ ЗДРАВСТВЕНИ ПРОБЛЕМИ, ОСОБЕНО АКО СТЕ БРЕМЕНА.



Дури и кога бремената жена е здрава, промените во имунолошкиот систем, функциите на срцето и белите дробови што може ги предизвика вирусот на грип за време на бременоста, ја зголемуваат веројатноста заболувањето да прогредира во тешка форма на грип.

**Вакцината против грип се препорачува во било кое време во текот на бременоста, бидејќи:**

- **го намалува ризикот Вие да се разболите од грип**
- **го заштитува Вашето бебе од грип неколку месеци по раѓањето!**

Бремените жени (и родилките, до две недели по породувањето) кои заболуваат од грип се изложени на поголем ризик од развој на сериозна болест, вклучително и хоспитализација. Една студија од 2018 година покажа дека вакцинирањето против грип го намалува ризикот за хоспитализација кај бремените жени болни од грип  во просек за 40%.

Грипот, може да предизвика штетни последици во развојот на нероденото бебе на бремената жена и сериозно заболување кај бебето после раѓање.

## ВАКЦИНАТА ПРОТИВ ГРИП Е НАЈДОБРАТА ДОСТАПНА ЗАШТИТА ЗА БРЕМЕНАТА ЖЕНА И НЕЈЗИНОТО БЕБЕ!

После примањето на вакцина против грип, организмот на бремената жена почнува да создава антитела, кои помагаат во превенција од грип.

Антителата се пренесуваат на плодот во развој, и помагаат тој да се заштити од грип и неколку месеци по раѓањето. Ова е важно, бидејќи бебињата под 6 месеци се премногу мали за да добијат вакцина против грип (вакцината се дава само на деца на возраст над 6 месеци).

Исто така, антителата  може да се пренесат на новороденото и преку млекото, доколку мајката го дои детето – сеедно дали вакцината ја примила додека била бремена или после породувањето.



## ВАКЦИНИТЕ ПРОТИВ ГРИП СЕ БЕЗБЕДНИ ЗА БРЕМЕНИ ЖЕНИ И МАЈКИ КОИ ДОЈАТ.

Ако сепак го родите Вашето бебе пред да бидете вакцинирани против грип, не е доцна, и треба да се вакцинирате потоа! Милиони бремени жени во светот примаат вакцина против грип секоја година! Вакцините имаат одличен безбедносен рекорд, а праксата и многубројни студии го покажале тоа.

ВАКЦИНАТА ПРОТИВ ГРИП
НЕ МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКА ГРИП.

## ВООБИЧАЕНИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ ОД ВАКЦИНАТА ПРОТИВ ГРИП СЕ БЛАГИ.

Можно е по добивањето на вакцината против грип да доживеете некои благи несакани ефекти. Најчест несакан ефект е локална реакција на местото на апликација во вид на болка, осетливост, црвенило и/или оток.
Ретко, кај некои од бремените жени може да се јави главоболка, мускулни болки, треска и мачнина или чувство на замор.